08-1504/6
19 -06- 2024

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на 6-тата седница одржана на ден 12.06.2024 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот со број 08-4900/1 од 15.11.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-4900/1 од 15.11.2021 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 08-4900/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
ДКСК на колегиум одржан на 20.09.2021 година заклучи да изврши проверка во изданијата на Службен весник на РСМ во 2021 година, и да утврди кои лица се избрани/именувани лица односно на кои лица им престанала функцијата и да се направи увид во евиденцијата на ДКСК за да се утврди кои лица не ја исполниле законската обврска за поднесување анкетен лист до ДКСК по избор/именување односно престанок на функција.
ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето -------------- во законски предвидениот рок по именување на функцијата член на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ---------------------, не поднел анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата со што постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог. Од страна на именуваното лице до ДКСК не е постапено по однос на издадениот прекршочен платен налог по што ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка со број 08-1514/3 од 03.08.2023 година до Прекршочната комисија при ДКСК.
Прекршочната комисија при ДКСК донесе РЕШЕНИЕ со број 08-1514/5 од 26.09.2023 година во кое го прогласуваат за ОДГОВОРЕН.
ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.
Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Б. С., советник
Одобрил: м- р Б. К. Ш., член на ДКСК

**Претседател,**
**Татјана Димитровска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë